**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за квалитет на земјоделски производи |
| Министерство: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Билјана Талеска, раководител на одделение за стандарди и квлитет на земјоделски производи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Мај 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Регулатива (ЕЦ) бр. 1234/2007 од 22 октомври 2007, Регулатива (ЕЦ) бр. 1786/2003 од 29 септември 2003 година, Директива бр. 79/373 од 2 април 1979 година, Регулатива (ЕЦ) бр. 882/2004 од 29 април 2004, Регулатива бр.1580/2007 од 21 декември 2007, Регулатива (ЕЦ) бр.1221 од 5 декември 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 589/2008 од 23 јуни 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 543/2008 од 16 јуни 2008, Регулатива на Советот (ЕЦ) бр. 2001/110/ЕС од 20 декември 2001, Регулатива (ЕЦ) бр.700/2007 од 11 јуни 2007, Регулатива (ЕЦ) бр. 1669/2006 од 8 ноември 2006, Регулатива (ЕЦ) бр. 1249/2008 од 10 декември 2008, Регулатива (ЕЦ) бр. 1183/2006 од 24 јули 2006, Регулатива (ЕЦ) бр. 0826/2008 од 20 август 2008, Регулатива бр. 0391/1968, Директива на Комисијата бр. 79/373, Регулатива (ЕЦ) бр. 2967/1985 од 1985, Регулатива (ЕЦ) бр. 0365/1988 од 1988, Регулатива (ЕЦ) бр. 3220/1984 од 1985, Директива 74/409/ЕЕЗ од 22 јули 1974, Директива бр. 074/1974 од 1974, Директива бр. 046/1992 од 16 јуни 1992, Директива бр. 013/2000 од 1974, Регулатива (ЕЦ) бр. 0595/2004 од 30 март 2004, Регулатива (ЕЦ) бр. 0509/2006 од 20 март 2006 и Регулатива (ЕЦ) бр. 0510/2006 од 20 март 2006. |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Заради потребата од приоритетно уредување на земјоделско-прехранбениот сектор, како и заради хармонизација на македонското законодавство со правниот поредок на ЕУ *Acquis communautaire,* Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: МЗШВ) подготви, а Владата на Република Македонија ја усвои "Стратегија за земјоделство и рурален развој" за период 2007-2013 година.

Најголем дел од активностите на Акциониот план на оваа Стратегија се вградени и во Национална статегија за Европска интеграција на Р. Македонија, Акциониот план за пристапно партнерство, како и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (Поглавје 11 - Земјоделство и рурален развој).

Во процесот на пристапување кон ЕУ, земјоделството, квалитетот и безбедноста на храната претставуваат најтешко и најсложено поглавје во преговарачкиот процес во кој преговорите траат најдолго и најбавно. Тоа не е само заради сложеноста и обемноста на областа, туку и затоа што со пристап на државите кон ЕУ, овој сектор ги користи позициите и погодностите на ЕУ до нивото кое го имал при приемот во Унијата.

Во Република Македонија не постои важечки правен акт кој ја регулира областа на пазарите на земјоделските производи. Поради тоа неопходно е донесување на примарно и секундарно законодавство како и интерни акти со кои се уредува оваа област. Пребирливите потрошувачи на ЕУ пазарите особено ги привлекуваат нови производи, производи со дополнителна вредност како што се земјоделски производи и преработки заштитени со ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитети. Иако Република Македонија изобилува со традиционални производи, заштитата на овој тип на производи не е регулирана со постоечките правни акти. Поради тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство превзема иницијатива за правно регулирање на заштитата на земјоделските производи и преработки со ознака на потекло, географска ознака и гарантиран традиционален специјалитет.

.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

За реализација на поставената цел беа анализирани два модела:

Модел I – Не изготвување на Закон за квалитет на земјоделски производи
Модел II – Изготвување на Закон за квалитет на земјоделски производи

Имајќи го во предвид обемот на новините во Европската Унија содржани во новите регулативи, а кој треба да се транспонираат во нашето законодавство, со цел хармонизација на истото со европското законодавство во областа на земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го прифати Моделот II.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Консултации по опциите и текстот на законот ќе се спроведуваат во текот на целиот процес на РИА. За таа цел ќе се формира работна група која ке изврши консултации со сите засегнати страни, министерства и други органи на државната управа.

Предлогот на Закон за квалитет на земјоделски производи ќе биде ставен на Јавна дебата на која ќе земат учество сите засегнати страни особено Националните здруженија на земјоделците, Стопанските комори и Здруженија на преработувачи, Здруженија на потрошувачи, научни и образовни институции од областа на земјоделството. Исто така, Предлогот на законот за квалитет на земјоделски производи ќе биде доставен на мислење до Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за правда.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

За имплементацијата на решенијата содржани во Законот ќе се користат податоците од Единствениот Регистер на земјоделски стопанства, Стратегија за земјоделство и рурален развој и други регистри и бази на податоци воспоставени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Сите неопходни информации ќе се користат од Единствениот Регистер на земјоделски стопанства, Стратегија за земјоделство и рурален развој и други регистри и бази на податоци воспоставени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

За спроведување на проценка на влијание на регулативата ќе се формира работна група во која консултативно ќе бидат вклучени претставници на научно-образовни институции, претставници на одделни сектори и управи на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и претставници на Федерацијата на фармери на Република Македонија, Асоцијација на земјоделци, Сојуз на земјоделци,

Македонска асоцијација на преработувачи. По потреба и за одредени области ќе бидат консултирани и претставници на други институции.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите за РИА ќе започнат во мај 2009 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Во процесот на изготвување на Предлогот на законот за квалитет на земјоделски производи ќе бидат вклучени експерти од Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, како и експерти од TAIEX програма.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

Мај 2010 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?

За спроведување на РИА-та ќе бидат вклучени постојните човечки ресурси во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.